( Образец ПП……)

**До: Основен суд КРАТОВО**

Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПЧ СУ.бр. 22/21
22.11. 2021 година
Кратово

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од:

[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали во периодот 2019, 2020 година и од 01 јануари до 30 октомври 2021 година се поднесени обвиненија за кривични дела во кои оштетени се новинари или медиумски работници, односно дали се поднесени обвиненија за сторени кривични дела: Убиство од чл.123, Телесна повреда од чл.130, Тешка телесна повреда од чл.131, Присилба чл.139, Противправно лишување од слобода чл.140, Загрозување на сигурноста чл.144 или за некое друго кривично дело предвидено во Кривичниот законик во кое како жртва – оштетен е новинар или медиумски работник;
2. Колку обвиненија се поднесени за наведениот период, колку постапки се водени и какви одлуки се донесени во Основниот суд Кратово за кривични дела во кои оштетен или жртва е новинар или медиумски работник;
3. Дали до Основниот суд Кратово се поднесени обвиненија за Загрозување на сигурноста согласно чл.144 ст.4 од КЗ за закани сторени преку информатички систем према новинари или медиумски работници;
4. Колку од жртвите или оштетени се жени - новинари или медиумски работници;
5. Дали постои посебен оддел или судии кои се обучени/специјализирани да постапуваат по обвиненија за кривични дела сторени према новинари и медиумски работници.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис

**- д) друго – писмено известување во кое е одговорено по сите точки од барањето врз основа на податоците со кои располага судот**

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **<u>г) е-маил</u>**
- д) друго

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 21 ноември 2021 година** [redacted]

[redacted]

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.22/21-2
22.11.2021 година
К р а т о в о

До
[redacted]

ПРЕДМЕТ: Доставување информации од јавен карактер

Во Основен суд Кратово е примено Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер по електронска пошта.

Во врска со Вашето барање, согласно чл.20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се постапи по истото и по извршената проверка ви ги доставуваме следните информации:

1. Во периодот од 2019 до 30 октомври 2021 година во Основен суд Кратово нема поднесени обвиненија за кривични дела во кои оштетени се новинари или медиумски работници.

2. Нема поднесени обвиненија за наведениот период, нема водени постапки и нема донесени одлуки во Основниот суд Кратово за кривични дела во кои оштетен или жртва е новинар или медиумски работник.

3. До Основниот суд Кратово нема поднесени обвиненија за Загрозување на сигурноста согласно чл.144 ст.4 од КЗ за закани сторени преку информатички систем према новинари или медиумски работници.

4. Нема жртви или оштетени новинари или медиумски работници.

5. Не постои посебен оддел или судија во Основен суд Кратово кои се обучени/специјализирани да постапуваат по обвиненија за кривични дела сторени према новинари и медиумски работници.

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер,
Диме Петрушевски

Претседател на судот,
Судија,
Мирослав Георгиевски

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово